Република Македонија
Совет на Општина Велес
Број 25-5246/1
10.10.2018 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 18, став 3 од Статутот на Општина („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на 21- та седница на Советот**
**на Општина Велес**

Седницата ќе се одржи на ден 17.10.2018 година (среда) во просториите на Општина Велес со почеток во 12:00 часот.

-Усвојување на записник од 20-та седница на Советот на Општина Велес.

За седницата го предлагам следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог-измени и дополнување на Буџетот на Општина Велес 2018 година.
2. Предлог- одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УБ 49, УЕ 9 од Генерален урбанистички план на град Велес, опфат помеѓу улица Димко Најдов, јужна граница на КП 10056 и граница на ГУП, Локалитет Димко Митрев (стар погон), КО Велес, Општина Велес, плански период 2014-2019.
3. Предлог- одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес.
4. Предлог-одлука за реализација на Оперативен план за 2018/2019 година, дел од Локален акциски план за родова еднаквост 2017-2020 година.
5. Извештај за работа на ЈКП „Дервен" Велес за период I-VI месец 2018година.
6. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување и одржување на градското зеленило на територијата на Општина Велес во 2018година.
7. Предлог-решение за давање согласност на Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Дервен" Велес за период од 2018-2020година.
8. Годишен извештај за работа на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев"-Велес за 2017/18година.
9. Предлог-годишна програма за работа на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев"-Велес за 2018/19година.
10. Предлог-решение за давање согласност на Одлука за поголем број на деца во групите на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев"-Велес
11. Предлог-решение за давање согласност за формирање и функционирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Св. Кирил и Методиј" Велес.
12. Предлог-решение за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес за 2018година.

Со почит,

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров